# THE AGREEMENT WITH THE REPUBLIC OF GREECE ON RESOLUTION THE DISPUTE OF NAME AND MACEDONIAN NATIONAL IDENTITY

**Temelko Risteski**
University FON, Skopje, N. Macedonia, temelko_mkd@yahoo.com
**Sejdefa Dzhafche**
University FON, Skopje, N. Macedonia, gjsejdefa@yahoo.com
**Vesna Sijic**
University FON, Skopje, N. Macedonia, vesnasijic@live.com

**Abstract:** On 17.6.2018, in the village of Nivitsi on the Greek coast of Prespa Lake, the heads of diplomacy of Macedonia and Greece, Nikola Dimitrov and Nikos Kodzias, signed the "Final Agreement for Disputes described in Resolutions 817 (1993) and 845 (1993) of the United Nations Security Council to cease the validity of the 1995 Interim Accord and to establish a strategic partnership between the parties."
According to the Agreement, the new name the Republic of Macedonia is "Republic of North Macedonia". It will be used erga omnes, that is, at every opportunity both in the country and abroad. The terms "Macedonia" and "Macedonian" in relation to the Republic of North Macedonia denote its territory, language, people and their characteristics, with their own history, culture, and heritage. The official language of the country is Macedonian, while citizenship is "Macedonian / Citizen of the Republic of North Macedonia". The agreement was also signed by UN mediator Matthew Nimetz. This agreement, also known in the public, as the Prespa Treaty, ended the name dispute between Macedonia and Greece.
Following the ratification of the Agreement by the parliaments of the two countries, it commenced its implementation. In the procedure for its implementation, the Assembly of the Republic of Macedonia adopted four amendments at its session on 11 January 2019: amending the constitutional name of the Republic of Macedonia in the Republic of North Macedonia, amending the preamble to the Constitution of the Republic, amending Article 3 and replacement of Article 49 of the Constitution (Amendments XXXIII to XXXXVI).
The signing of the Agreement divided the Macedonian public. Some (the majority) supported and still support the Agreement, some strongly opposed it. The opposition has regularly been followed by criticism on the Agreement. The criticisms often contained two theses: the first of them was that by the implementation of the Agreement the identity of the Macedonian people would be lost, and the second, always related to the first, that the identity of the Macedonian state would be lost. In this paper we have made an effort to prove the inaccuracy of those theses by applying the method of content analysis based on the principles of formal logic and the dialectical method.
**Keywords:** agreement, identity, name, state, Macedonia.

# СПОГОДБАТА СО РЕПУБЛИКА ГРЦИЈА ЗА РЕШЕВАЊЕ НА СПОРОТ СО ИМЕТО И МАКЕДОНСКИОТ НАЦИОНАЛЕН ИДЕНТИТЕТ

**Темелко Ристески**
ФОН Универзитет, Скопје, С. Македонија, temelko_mkd@yahoo.com
**Сејдефа Џафче**
ФОН Универзитет, Скопје, С. Македонија, gjsejdefa@yahoo.com
**Весна Сијиќ**
ФОН Универзитет, Скопје, С. Македонија, vesnasijic@live.com

**Резиме:** На 17.6.2018 година, во село Нивици на грчкиот брег од Преспанското Езеро, шефовите на дипломатиите на Македонија и на Грција, Никола Димитров и Никос Коѕијас, ја потпишаа „Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во Резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите нации за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување стратешко партнерство меѓу страните“.
Според Спогодбата новото име за Република Македонија е „Република Северна Македонија“. Тоа ќе се употребува *erga omnes*, односно во секоја пригода, во земјава и надвор од неа. Термините „Македонија“ и „македонски“ во однос на Република Северна Македонија ја означуваат нејзината територија, јазик, народ и нивните одлики, со нивната сопствена историја, култура, и наследство.

Официјалниот јазик на земјата е македонски, додека државјанството е „македонско/граѓанин на Република Северна Македонија“.
Спогодбата ја потпиша и посредникот на ОН, Метју Нимиц. Со оваа спогодба која во јавноста е позната и како Преспански договор, му се стави крај на спорот за името меѓу Македонија и Грција.
По ратификацијата на Спогодбата од страна на парламентите на двете држави, се пристапи кон нејзиното извршување. Во постапката за нејзиното извршување Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 11 јануари 2019 година донесе четири амандмани: за изменување на уставното име на Република Македонија во Република Северна Македонија, за измени во преамбулата на Уставот на Републиката, за дополнување на членот 3 и за замена на членот 49 од Уставот (амандмани XXXIII доXXXVI).
Потпишувањето на Спогодбата ја подели македонската јавност. Некои (мнозинството) ја поддржуваа и се уште ја подржуваат Спогодбата, некои остро се спротивставуваат на неа. Спротивставувањата редовно беа проследени со критики на Спогодбата. Критиките најчесто содржеа две тези: првата од нив беше дека со извршувањето на Спогодбата ќе се изгуби идентитетот на Македонскиот народ, а втората, секогаш поврзана со првата, дека ќе се изгуби идентитетот на македонската држава. Во овој труд направивме напор со примена на методот на анализа на содржината базирана на принципите на формалната логика и дијалектичкиот метод да ја докажеме неточноста на тие тези.
**Клучни зборови:** спогодба, идентитет, име, држава, Македонија.

## ВОВЕД

Спорот за името меѓу Македонија и Грција траеше повеќе децении. Овој спор бил проблем и во односите меѓу поранешната федерација (СФРЈ) на југословенските републики – држави во рамките на Федерацијата меѓу кои беше и Социјалистичка Република Македонија. Но, тој исплива на површина по 1991 година кога Република Македонија прогласи независност од Југославија. Поради тој спор македонската држава чие уставно име, од донесувањето на Уставот на 17 ноември 1991 година, беше Република Македонија, во Обединетите нации беше примена под името Поранешна Југословенска Република Македонија. Овој спор повеќе од две и пол децении ги реметеше односите меѓу Македонија и Грција и претставуваше закана за меѓународниот мир и безбедност.
Одредбата на членот 2, став 3 од Повелбата на ООН ги обврзува сите членки на оваа организација да ги решаваат своите меѓународни спорови со мирољубиви средства, на таков начин, што нема да го загрозат меѓународниот мир и безбедност, како ни правдата. По приемот на Македонија во полноправно членство, Обединетите нации се вклучија во решавањето на спорот со примена на посредувањето како едно од средствата за мирно решавање на споровите, предвидено со членот 33, став 1 од Повелбата.
Конечно, по 23 годишно посредување од страна на посредник на ООН, на 17.6.2018 година, во село Нивици (Псарадес) на грчкиот брег од Преспанското Езеро, шефовите на дипломатиите на Македонија и на Грција, Никола Димитров и Никос Коѕијас, ја потпишаа „Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во Резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите нации за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување стратешко партнерство меѓу страните“.
Според Спогодбата новото име за Република Македонија е „Република Северна Македонија“, кое ќе се употребува *erga omnes*, односно во секоја пригода и во земјава и надвор од неа. Според член 7, став, став 3 во врска со став 1 и 2 од Спогодбата, Термините „Македонија“ и „македонски“ во однос на Република Северна Македонија ја означуваат нејзината територија, јазик, народ и нивните одлики, со нивната сопствена историја, култура, и наследство. Официјалниот јазик на земјата е македонски, додека државјанството е „македонско/граѓанин на Република Северна Македонија“.
Спогодбата ја потпиша и посредникот на ОН, Метју Нимиц кој согласно со член 33, став 1 од Повелбата, како специјален пратеник на ООН, посредуваше за решавање на спорот за името меѓу Македонија и Грција. Со оваа спогодба која во јавноста е позната и како Преспански договор, му се стави крај на овој спор. Со тоа на Републикава и се отворија вратите за зачленување ЕУ и НАТО.
Двете страни постигнаа согласност Спогодбата прво да биде ратификуван во Собранието на РМ, да се направат и усвојат уставни измени во Македонија согласно Спогодбата, а потоа неа да ја ратификува и грчкиот парламент. Така и беше постапено.
Спогодбата ја поздравија многу светски лидери. Меѓу нив беа и лидерите на најголемите и најмоќните држави во светот: САД, Сојузна Република Германија, Обединетото кралство на Велика Британија и Ирска (Англија), Република Франција и други. Во Македонија пак јавноста се подели. Некои (мнозинството) ја поддржуваа и се уште ја подржуваат Спогодбата, некои остро се спротивставуваат на неа.

Спротивставувањата редовно беа проследени со критики на Спогодбата. Критиките најчесто содржеа две тези: правата од нив беше дека со извршувањето на Спогодбата ќе се изгуби идентитетот на Македонскиот народ, а втората, секогаш поврзана со првата, дека ќе се изгуби идентитетот на македонската држава. Во овој труд направивме напор со примена на методот на анализа на содржината базирана на принципите на формалната логика и дијалектичкиот метод да ја докажеме неточноста на тие тези.

## 1.ПРАВНИТЕ ОСНОВИ НА СПОГОДБАТА

Спогодбата за решавање на спорот со името и за стратешко партнерство меѓу нашата држава и Република Грција, правно гледано, е меѓународен билатерален договор. Како меѓународен договор потпаѓа под регулативата на меѓународното јавно право. Заклучена е согласно со начелата и целите на повелбата на Обединетите нации, Завршниот документ од Хелсинки од 1975 година, релевантните акти на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ) и вредностите и начелата на Советот на Европа.[27] За склучувањето на спогодбата од особено значење е начелото на мирно решавање на споровите меѓу државите членки на ООН од член 2, точка 3 на Повелбата. Според ова начело сите членки на Организацијата ќе ги решаваат своите меѓународни спорови со мирољубиви средства, на таков начин, што нема да го загрозат меѓународниот мир и безбедност, како ни правдата. Ова начело е во функција на првата од четирите обврски за остварување на целите на членките на Организацијата, содржани во Преамбулата на Повелбата, со која тие се обврзуваат да бидат трпеливи и заедно да живеат во мир, едни со други, како добри соседи.

Во правниот поредок на Република Северна Македонија надлежноста за заклучување на оваа спогодба се базира на член 185, став 2, од Уставот на Републикава, според кој, меѓународни договори може да склучува и Владата кога тоа е определено со закон. Со член 3, став 2, од Законот за склучување, ратификација и извршување на меѓународни договори е пропишано дека меѓународни договори, во име на Републикава, може да склучува и Владата на Република Северна Македонија со кои се уредуваат прашања од областа на економијата, финансиите, науката, културата, образованието и спортот, сообраќајот и врските, урбанизмот, градежништвото и заштитата на животната средина, земјоделството, шумарството, водостопанството, здравството, енергетиката, правдата, трудот и социјалната политика, човековите права, дипломатско-конзуларните односи, како и од областа на одбраната и безбедноста на државата. Со оваа Спогодба, покрај решавањето на прашањето за името на Републикава, се уредуваат и прашања за соработката во контекст на меѓународни и регионални организации, политичката и општествената соработка, економската соработка, соработката во областите на образованието, науката културата, истражувањето, технологијата, здравството и спортот, потоа полициската соработка и соработката во областа на цивилната заштита, како и одбранбената соработка. Како што гледаме, се работи за прашања за кои Владата е овластена да склучува меѓународни договори. Според тоа, апсолутно не се исправни тезите со кои се оспорува надлежноста на Владата за склучување на оваа спогодба.

Според член 8, став 1 алинеја 11. од Уставот, една од темелните вредности на Уставниот поредок на Република Северна Македонија е почитувањето на општо-прифатените норми на меѓународното право.

Според член 118 од Уставот, меѓународните договори што се ратификувани во согласност со Уставот се дел од внатрешниот правен поредок. Спогодбата со Република Грција е ратификувана од страна на Собранието на Републикава на 20 јуни 2018 година. Од тој ден таа е инкорпорирана во нашиот правен поредок.

## 2. СПОГОДБАТА И ИДЕНТИТЕТОТ НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД

Основно обележје на идентитетот на еден народ е јазикот. Со членот 1, став 1-в на Спогодбата се утврдува македонскиот јазик како официјален јазик на Република Северна Македонија. При тоа спогодбата упатува на Третата Конференција на ООН за географските имиња одржана во 1977 година со која македонскиот јазик е признат како еден од постојните живи јазици во светот.

Во членот 7, став 4 од Спогодбата договорните страни ја изразуваат нивната согласност дека македонскиот јазикот е еден од јужнословенските јазици и дека ниту тој, ниту останатите одлика на Републикава како држава не се во врска со античката елинска цивилизација, историја, култура и наследство на северниот дел на Република Грција. Дека македонскиот јазик и припаѓа на групата јужнословенски јазици потврдуваат многу научни истражувања базирани на историските факти. Меѓу нив најзначајни се истражувањата на

[27] Види ја првата алинеја од Преамбулата на Спогодбата.

академикот Блаже Конески. Тој во неговото дело Граматика на македонскиот јазик на скоро осумдесет страници го опишува неговиот историски развој од времето на Кирил и Методиј до најново време.[28]
Во третиот став на овој член од Спогодбата се нагласува дека терминот „македонски" се однесува, покрај другото, и на јазикот. Тоа значи дека официјален јазик на Републикава која во спогодбата е наведена како втора страна е македонскиот јазик.
Овие одредби на Спогодбата потполно се во согласност со членот 7, став 1 од Уставот на Републикава според кој на целата нејзина територија и во нејзините меѓународни односи службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо.[29]
Покрај јазикот едно од најзначајните обележја на идентитетот на еден народ е неговата култура. Културата на еден народ ги опфаќа неговите образовни и научни достигнувања, уметноста, моралот, религијата, правото, обичаите и други негови собитија со кои тој се одликува во однос на другите народи. Македонскиот народ има своја култура чиј развиток започнува од доселувањето на словенските племиња Сагудати, Струмјани, Рихнини, Драговити, Брсјаци и други на македонскиот географски простор и преку Кирил и Методиј, Климент и Наум Охрридски, потоа Јоаким Осоговски, Кирил, Пејчиновиќ, Браќата Миладиновци, Прличев, Жинзифов, Рацин и други, го достигнува современиов степен на развиток: со плејада научници, писатели поети, сликари, скулптори, глумци, музичари, со разни културни и научни установи како што се бројни книгоиздателства, ТВ станици , радиостаници, театри, библиотеки, опера и балет, филхармонија, академија на науките и уметностите повеќе универзитети и друго.
Историските корени и историскиот развој кој поаѓа од тие корени се исто така значајни идентитетски обележја на еден народ. Македонскиот народ, со неговите словенски историски корени, со неговото богато материјално и културно наследство и со нивните специфичности се одвојува од другите балкански народи, како посебен народ, со своја историја, култура и наследство кои според Спогодбата се особено различни од оние со кои се одликува народот во северниот регион на територијата на Република Грција со неговата елинска цивилизација, историја, култура и наследство.[30]
Гледано низ призмата на дијалектичкиот принцип на развојност македонскиот народ постојано го развивал и зацврстувал својот идентитет. До Второто заседание на АВНОЈ, одржано на 29 ноември 1943 година, тој не бил признат од никого. Македонците биле третирани како Срби односно Бугари. На првото заседание на АСНОМ одржано на 2 август 1944 година е извршено „државно конституирање на македонскиот народ и народностите во Македонија." Тогаш практично започнува историјата на современата Македонска држава која до 8 септември 1991 година беше федерална единица на СФРЈ[31] како федерација составена од шест југословенски Републики (држави). На Заседанието, покрај другото се донесени и решенија: „за конституирање на АСНОМ како врховно законодавно и исполнително тело", „за заведување на македонскиот јазик како службен јазик во македонската држава" и „Декларација за основните права на граѓаните во демократска Македонија."[32] До заклучувањето на Спогодбата, Република Грција беше единствената држава во светот која не ги прифаќаше идентитетските имиња на македонскиот народ и неговата држава. Народот го нарекуваше Славо-македонци, а државата Скопје. Со Спогодбата е срушен и последниот бастион за признавање на самобитноста на македонскиот народ и на неговата држава.

## 3. СПОГОДБАТА И ИДЕНТИТЕТОТ НА МАКЕДОНСКАТА ДРЖАВА

Со амандманите на Уставот кои уследија по ратификацијата на Спогодбата, Републикава го промени името во Република Северна Македонија. Промената на уставното име беше една од мерките кои Републикава требаше да ги преземе во фазата на извршувањето на Спогодбата која се уште трае. Тоа беше прифатено со болка од страна на македонскиот народ како неправедна отстапка на послабиот пред помоќниот. Но, иако неправедна, оваа отстапка, од прагматична гледна точка, беше нужна. Името на Републикава беше камен на

[28] Види: Конески Б., (1982), Граматика на македонскиот литературен јазик, Култура, Скопје, стр. 11 до 84.
[29] Покрај македонскиот јазик, според Уставот (член 7) службени јазици се и јазиците на граѓаните во единиците на локалната самоуправа и во Републиката кои најмалку 20% зборуваат јазик различен од македонскиот. Меѓу нив најбројни се граѓаните кои се дел од албанскиот народ.
[30] Неспорен е фактот дека во тој регион, покрај грчкиот народ, живее и народ со словенско потекло кој зборува македонски јазик и чии припадници во најголем дел се изјаснуваат како Македонци. Но, по масовното доселување на грчко население од Мала Азија и Источна Тракија, по поразот на Грција во војната со Турција 1919 до 1922 година и бројните егзодуси од кои најголем е оној по граѓанската војна во Грција 1946-1949 година тој народ станал малцинство.
[31] Социјалистичка Федеративна Република Југославија.
[32] Види: Институт за национална историја, Историја на македонскиот народ, Просветно дело, Скопје, 1972.

сопнување во развивањето на добрососедски односи со Република Грција а во врска со тоа и за добивање “виза“ за членство на Републикава во ЕУ и НАТО. Со заклучувањето на Спогодбата беше отстранета последната надворешно политичка пречка за зачленување на Републикава во овие државни асоцијации. Со зачленувањето на Републикава во ЕУ и НАТО во огромна мерка ќе се потврди и зајакне нејзиниот државно-правен идентитет. Покрај тоа ќе се гарантираат нејзиниот државен суверенитет, нејзината самостојност и нејзиниот демократски политички систем.[33]

Гледано од правно-политички аспект, со Спогодбата се зацврстува, односно конкретизира идентитетот на Републикава како држава. Според теоријата на правото, државата претставува организација на граѓани кои живеат на одредена територија, кои на таа територија организирале власт и со закони воспоставиле правила на однесување заради одржување на редот и поредокот. Ние, граѓаните на Републикава, сме се организирале во држава со републикански облик на уредување на северниот дел од географскиот регион Македонија. Според тоа, нема ништо спорно во новото име на државава: Република Северна Македонија.

Кога сме веќе кај географскиот аспект на прашањето, со зачленувањето на Републикава во Европската унија ќе се обедини македонскиот географски простор кој беше поделен со заклучувањето на Букурешкиот мировен договор во август 1913 година. Општо е познато дека границите меѓу државите членки на ЕУ имаат формално-административен карактер. Прометот на лица, стоки и услуги преку нив се одвива слободно, без спроведување на класичните полициски и царински процедури. Движењето на работната сила исто така слободно. Тоа ќе овозможи слободен проток на луѓе и капитал на целиот македонски простор. Слободниот проток на луѓе и капитал ќе овозможи зближување на луѓето, подем на економијата, намалување, а потоа и елиминација на постојните нееднаквости меѓу регионите, решавање на бројни имотни спорови и т.н.

Придавката Северна Македонија во уставното име на Републикава, дијалектички гледано, укажува на фактот дека постои и спротивноста - Јужна Македонија. Покрај тоа имаме поими Западна Македонија и Источна Македонија. Имаме и поим Пиринска Македонија. Тоа значи дека постои Македонија како географски простор. На северниот дел на тој простор е формирана државата Република Северна Македонија. Имајќи го ова во вид со промената на името направена со вметнување на придавката „северна“ меѓу зборовите „република“ и „Македонија“ само се допрецизира, односно конкретизира името на државата со негово врзување за географскиот простор на кој што таа е формирана. Според тоа нема губење на идентитетот туку негово конкретизирање, а секое конкретизирање на идентитетот е во функција на неговото зајакнување. Принципот на конкретност како еден од принципите на дијалектичкиот метод бара во утврдувањето на вистината што повеќе да се приближиме да конкретното битие.[34] Во нашив случај битието е државата Македонија која е единствена држава на македонскиот народ во светот. Таа држава како битие се наоѓа на северниот дел од географскиот регион „Македонија.“, Нејзиното уредување е републиканско. Од тука нејзиното вистинско битие ќе биде Република Северна Македонија.

Дијалектичкиот однос меѓу општото и посебното исто така ја потврдува нашата теза дека со новото име на државава Република Северна Македонија не се губи идентитетот на македонската држава, туку напротив се зајакнува. Општото овде е територијата на регионот Македонија, а посебното е северниот дел од територијата на регионот кој е територија на државата Република Северна Македонија како држава на македонскиот народ, како еден од словенските народи и деловите од другите народи кои се набројани во Преамбулата на Уставот на Републикава: Албанци, Турци, Власи, Срби, Роми, Бошњаци и други. Ако името на Регионот е Македонија и имињата на деловите од него одредени според географските страни на светот ќе бидат Македонија, со соодветната географска одредница.

Останува уште од го разгледаме претходното име на Републикава под кое таа како членка на ООН беше регистрирана во Секретаријатот на оваа организација и актуелново уставно име Република Северна Македонија. При разгледувањето ќе се послужиме со уште еден принцип на дијалектичкиот метод, а тоа е принципот на негација на негацијата. Претходното име на Републикава беше Поранешна Југословенска Република Македонија. Ова име укажува на држава која постоела порано. Ако таа држава постоела порано, значи дека не постои во сегашноста. Но државата постоеше во сегашноста до Уставните амандмани донесени во извршувањето на нашите обврски предвидени со Спогодбата. Значи имавме држава што формално не постоеше, затоа што беше поранешна, а фактички постеше, затоа што како таква ја имаше во просторот и времето. Со новото име е потврдено постоењето на државата на просторот –северен дел од регионот Македонија. Таа веќе не е поранешна, туку е сегашна, постои во сегашноста како дел од текот на

---

[33] Види член 1, став 1. до Уставот на Република Северна Македонија.

[34] Види: Марковиќ М., (1961) Дијалектички закони на мислењето, Култура, Скопје, стр. 67-69 и Радевски Ј.,(1984) Основи на Марксизмот, Наша книга, Скопје, стр. 168-169

времето: минато (историја), сегашност со сите битија кои постојат во сегашноста и иднина која ќе дојде по сегашноста и ќе биде сегашност за идните генерации, а актуелнава наша сегашност, за нив ќе биде минато.

**ЗАКЛУЧОК**

Спогодбата за решавање на спорот со името и за стратешко партнерство меѓу нашата држава и Република Грција е билатерален меѓународен договор. Заклучена е согласно со одредбата на член 2, точка 3 од Повелбата на ООН. Оваа одредба ги обврзува сите членки на Организацијата да го решаваат своите меѓународни спорови со мирољубиви средства на таков начин, што нема да го загрозат меѓународниот мир и безбедноста, како ни правдата. Согласно со одредбата на член 33 став 1, а во врска со одредбата на член 1, став 2 од Повелбата во решавањето на спорот учествуваше медијаторот Метју Нимиц кој, покрај овластените министри на двете страни, ја потпиша спогодбата. Одредбата на член 1, став 2 од Повелбата ги обврзува Обединетите нации да развиваат пријателски односи меѓу нациите, засновани врз почитување на начелата на рамноправност и самоопределување на народите, како и да преземаат други соодветни мерки со цел да се зацврсти мирот во светот. Токму поради тоа, органите на ООН, преку посредникот Нимиц и непосредно, будно ги следеа долгогодишните преговори за решавање на овој спор и го поздравија заклучувањето на спогодбата за негово решавање.

Што се однесува до внатрешното право на Републикава, Спогодбата е заклучена согласно со одредбата на член 119, став 2 според која меѓународни договори може да заклучува и Владата на Републикава кога тоа е предвидено со закон. Законот за склучување, ратификација и извршување на меѓународни договори со одредбата на член 3, став 2 пропишува дека Меѓународни договори, во име на Републикава, може да склучува и Владата на Република Северна Македонија кога со нив се уредуваат прашања од областа на економијата, финансиите, науката, културата, образованието и спортот, сообраќајот и врските, урбанизмот, градежништвото и заштитата на животната средина, земјоделството, шумарството, водостопанството, здравството, енергетиката, правдата, трудот и социјалната политика, човековите права, дипломатско-конзуларните односи, како и од областа на одбраната и безбедноста. Со Спогодбата се уредуваат повеќе од овие прашања. Според тоа, нема дилема во однос на надлежноста на Владата за склучување на оваа Спогодба. Во име на Владата, меѓународните договори ги потпишува премерот или од друго од неа овластено лице. Улогата на овластено лице ја имаше актуелниов министер за надворешни работи Никола Димитров. Имајќи го ова во вид, неприфатливи се критиките и приговорите за ненадлежноста на Владата за заклучување на оваа спогодба.

Што се однесува до критиките на Спогодбата дека со нејзиното извршување ќе се загуби идентитетот на македонскиот народ, напред изнесените аргументи недвосмислено ги негираат. Затоа нема потреба во заклучоков, повторно, макар и накратко, да се навраќаме на нив. Во заклучоков само ќе нагласиме дека идентитетот на македонскиот народ се појавил, развивал и зацврстувал повеќе од еден век пред создавањето на македонската држава. Уште повеќе се зацврсти и зацврстува по формирањето на државата на втори август 1944 година. Народот со неговите јазични, етнички, културни и други особености е природна појава. Неговото постоење и неговиот развој не зависат многу од државата. Во светот има многу народи кои немаат своја држава. Меѓу нив најпознати се Палестинците, Курдите и Баскијците. Тие опстојуваат со својот национален идентитет во други држави и упорно се борат за своја сопствена држава како што тоа го чинел македонскиот народ пред 1944 година. Во таа борба го истакнуваат својот национален идентитет со сите особености кои го сочинуваат. Борејќи се го јакнат. Тоа е природен процес, се разбира и општествен. Против природата и нејзините закони (а и општеството е дел од природата) никој не може да застане и да им се спротивстави.

Кога е во прашање идентитетот на државата ќе тргнеме од основните обележја на една држава. Тие се: постоење население, државна организација и територија. Во случајов на Република Северна Македонија населението го сочинуваат македонскиот народ и делови од другите народи: албанскиот народ, турскиот народ, влашкиот народ, српскиот народ, ромскиот народ, бошњачкиот народ и други. Мнозинството од населението му припаѓа на македонскиот народ. Значи, населението на државата претежно е македонско. Тоа претежно македонско население живее во северниот дел од територијата на географскиот регион Македонија. Живеејќи во тој дел тоа население се организирало во државна организација со републикански облик на владеење. Имајќи го ова во вид логично е државата организирана на северниот од територијата на овој регион да се вика Република Северна Македонија. Од ова очигледно е дека идентитетските обележја на државата: претежно македонско население, населено во северниот дел од територијата на географскиот регион Македонија и организирано во држава со републикански облик на владеење потполно одговараат на

објективната стварност. Во врска со тоа и нејзиното ново уставно име Република Северна Македонија одговара на објективната стварност. Тоа е очигледен факт кој никој не може да го побива.

**ЛИТЕРАТУРА**

Амандмани на Уставот на Република Македонија (2019), www.vlada.mk/mkgrdogovor
Габер С., (1973),Теорија на државата и правото, Култура, Скопје.
Институт за националнa историја,(1972) Историја на македонскиот народ, Просветно дело, Скопје,
„Конечна спогодба за решавање на разликите опишани во Резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите нации за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување стратешко партнерство меѓу страните “www.vlada.mk/mkgrdogovor. (2018).
Конески Б.,(1982) Граматика на македонскиот литературен јазик, Култура, Скопје.
Марковиќ М., (1961) Дијалектики закони на мислењето, Култура, Скопје.
Устав на Република Северна Македонија со амандмани, (2019) www.sobranie.mk.
Aristotel, (1984), Politika, Beogradski izdavački grafički zavod, Beograd.
Kosanović I., (1966), Dijalektički materijalizam, Veselin Masleša, Sarajevo.
Platon (1976), Država, Beogradski izdavački grafički zavod, Beograd.